Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА –

Служба за услуги од социјална заштита

**Архивски број:** 03 - 889/1

**Датум:** 14.04.2025

Врз основа на член 193 од Законот за социјална заштита (104/19…65/23) и член 32,33,35,36 и 37 од Статутот на ЈУ МЦСР Свети Николе бр. 01-663/1 од 24.06.2019 година в.д Директорот објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

За формирање на Совет на корисници

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа врз основа на чл.34 од Статутот на ЈУ МЦСР Свети Николе објавува јавен повик за формирање на Совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со член 34 од став 1 од Статутот на ЈУ МЦСР Свети Николе според кој за член на совет на корисници може да биде избрано лице :

- корисник на права или услуги од надлежност на Установата
- родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на Установата
- лице кое не е осудено со правосилна судска пресуда
- лице на кое не му е одземено родителското право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесувањето на апликацијата лицето односно кандидатот кој се јавува на јавниот повиктреба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- кратка биографија
- мотивационо писмо
- Државјанство

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена

Мандатот на членовите на советот на корисници трае 4 години.

На член на совет на корисници мандатот може да му престане и пред истекот доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуги од надлежност на установата и по негово барање.

Надлежности на совет на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управен одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до Директорот и Управниот одбор за други прашања што се од интерес за корисниците и установата.

Работата на советот на корисници се регулира со деловодник за работа на совет на корисници

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува пет работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавување на јавниот повик (не сметајќи го денот на самото објавување)

В.д.Директор
Марија Манасова-Коцева

Изработил:
Контролирал:
Одобрил:
Согласен: